


**ДЕЛ ОД ВОВЕДОТ ВО МОНОГРАФСКОТО ДЕЛО „ БЛАГОЈ МЕХАНЏИСКИ“**

***Оваа монографија е посветена на бизнисменот, хуманистот и донаторот Благој Механџиски. Име, кое е познато и респектирано на низа полиња и децениски потврдено во бизнис заедницата во Република Македонија. Во исто време делото е посветено на 30-годишниот јубилеј на веледрогеријата „ЗЕГИН“, на 45. годишнината за посветеноста на бизнисот и 75. годишниот живот на Благој.***

Во исто време монографското дело „Благој механџиски“ е и скромен пример за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко, афирмација на минатото, сегашноста и иднината на компанијата ЗЕГИН, како и на родното Русиново, убавиот Малеш и на Македонија.

Монографијата чиј автор е Славе Катин е подготвена на македонски и на англиски јазик на 480 страници со голем број текстови и фотографии. Рецензенти на ова дело се поглаварот на МПЦ-ОА г.г. Стефан и д-р Лазо Лазарев. Делото е посветено на Благој Механџиски, кој постојано се залага за афирмација на аптекарството во Македонија, на Балканот и пошироко. Таквата угледна легенда во аптекарската фела, вљубеник во народот, во својата татковина, секогаш го водела светата мисла да го претстави бизнисот и да остави вечни траги за идните генерации. Во исто време треба да се

потенцира дека оваа Монографија е подготвена подолго време и чека да биде отпечатена и да го види македонското Сонце.

Познато е дека Благој Механџиски како менаџер на „ЗЕГИН“  е познат и признат бизнисмен во Македонија и пошироко, но, исто така, тој е докажан хуманист и донатор, чие дело не знае за граници. Потврда за тоа е финансиската помош на Домот за деца без родители „11 Октомври“: тој е постојан заштитник на социјално незгрижените деца и оние со ментален и друг хендикеп; тој е донатор и поддржувач и на голем број културни, спортски, фолклорни, духовни и национални манифестации и активности во Република Македонија и пошироко, особено во Малешевијата и Скопје.

Механџиски отсекогаш бил добротворец. Тоа го правел уште во средно училиште - како гимназијалец, а и подоцна како студент. Лично присуствува на сите свои донации, секогаш знае за што се наменети парите што се даваат и редовно плаќа данок, од што, за жал, не е ослободена ниту една хуманитарна организација. Затоа, со право се вели дека за големината на една личност најмногу зборуваат делата кои таа ги прави.



ZEGIN
ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**